Врз основа на чл. 75, став 1, точка 6 од Законот за високото образование, чл. 27, став 1, точка 8 од Статутот на Технички факултет - Битола, Наставно-научниот совет при Технички факултет - Битола, на седницата одржана на 26.09.2006 г. донесе

# О Д Л У К А

## за избор на наставник

1. Вонр. проф. д-р Никола Крстаноски се избира во звањето редовен професор од областите: Средства за јавен превоз и Одржливи урбани системи.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 16.10.2006 година.

## О б р а з л о ж е н и е

На објавениот конкурс во весникот "Вест" од 15.04.2006 г. за избор на наставник од областите: Средства за јавен превоз и Одржливи урбани системи, се пријави само кандидадот вонр. проф. д-р Никола Крстаноски.

Рецензентската комисија формирана од Наставно-научниот совет поднесе писмен реферат објавен во билтенот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола бр. 287 од 01.09.2006 г. со предлог до Наставно-научниот совет при Технички факултет - Битола, вонреден професор д-р Никола Крстаноски да го избере за редовен професор од горенаведените области.

Меѓувреме на рефератот не се поднесени приговори.

Наставно-научниот совет ценејќи ги сите околности околу изборот одлучи како во диспозитивот.

Доставено до: наставникот, архивата, досието.

Бр.02- 451/4
26.09.2006
Б и т о л а

Наставно-научен совет
Декан

Проф. д-р Ѓорѓи Тромбев